UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| Study program | Одржлив агробизнис |
|---|---|
| Факултет | Бизнис и економија |
| Циклус на студии | Прв циклус (Додипломски) |
| ЕКТС | 180 |

## Опис на програмата

Програмата Одржлив агробизнис има примарна цел да им обезбеди на студентите знаења од областа на агробизнисот обучувајќи ги да бидат надлежни за да планираат нови политики во оваа област. Преку интердисциплинарната програма студентите ќе стекнат знаења од областа на агробизнисот и нејзиното влијание врз глобалното општество. Оваа програма е фокусирана на однесувањето на деловните субјекти, на способностите и на активностите во агробизнисот. Програмата е ориентирана кон практична примена на алатките, техниките и на концептите. Програмата Одржлив агробизнис ги има следниве цели:

- Развивање на претприемништвото во областа на агробизнисот преку користење на локалните ресурси на земјиште и човечка работна сила.
- Развивање на свесноста за животната средина и креирање одржлив развој со помош на развој на земјоделството.
- Обука на професионален кадар во полето на агробизнисот.
- Намалување на невработеноста со промовирање на активности.
- Развивање на МСП со земјоделска дејност и успешно справување со конкуренцијата и адаптирање кон регулативата на ЕУ за заштита на потрошувачите

## Кариера

Преку оваа програма студентите ќе стекнат знаења од сите релевантни области поврзани со агробизнисот. Дипломираните студенти стекнуват основни знаења на економски, политички, социјални и на технолошки план, кои се во можност да го сменат својот начин на живот и работа. Тие се способни за да бидат успешни во однос на слободната пазарна економија, да се вклучени во меѓународниот пазар на труд, способни да управуваат со јавните и приватните компании, подобро да управуваат со агробизнисот во земјата, професионално квалификувани и компетентни да учествуваат во процесите на интеграција на земјава во Европската унија.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Да го применат знаењето и разбирањето за агробизнисот преку решавање проблеми во нови или несекојдневни средини;
- Независно да го истражуваат пазарот за агробизнис преку анализирање на потребите и управување со плановите, стратегиите, цените, промотивните активности и продажбата;
- Да работаат во агробизнисот и приватниот сектор кои функционираат на овој пазар;
- Да подготват и да дизајнираат планови и да изведуваат потребни истражувања на пазарот за добивање автентитични податоци за развој на одржливи стратегии за агробизнис.

**Примена на знаењето и разбирањето**

- Да демонстрираат познавање и разбирање на предмети од областа на агробизнисот и неговата одржливост.
- Да демонстрираат познавање и разбирање на проблемите на агробизнисот, како што се: одржлив развој на агробизнисот, влијанијата на агробизнисот врз животната средина , принципите на одржливиот агробизнис итн.

**Способност за проценка**

- Да прават процена на маркетинг-импликации за одржлив агробизнис, како што се дизајн на услугата, ценовни стратегии, ефикасна промоција и задоволството на клиентите на систематски и креативен начин.
- Да прават процена на условите на пазарот (удел на пазарот, целни клиенти, позната и непозната животна средина) со цел да се планираат производите или услугите, да се координираат маркетинг-активностите во рамките на  компанија, да се контролираат и да се следат тие активности постојано во рамките на компанијата.
- Да размислуваат критички за проблемите на маркетингот (производ, цена, место, промоција, луѓе) и за бизнис-ситуациите во средини на агробизниси, да развиваат комуникациски вештини итн.

**Комуникациски вештини**

- Да презентираат маркетинг-стратегии и планови во рамките на организацијата, на публика од различни институции и организации, користејќи соодветна форма на изразување за целата публика.
- Да водат и да иницираат на активности земајќи предвид планови и стратегии за агробизнис.
- Да изберат правилни средства за комуникација, при промоција и продажба на производи / услуги.
- Да пренесуваат знаење на новите генерации од областа одржлив агробизнис.

**Вештини на учење**

- Да идентификуваат лична потреба и да направат селекција на соодветни ресурси.
- Да стекнуваат вештини и знаења
- Да имаат самоиницијатива за независно истражување на потребите на пазарот, со цел да ги исполнат потребите и барањата на потрошувачите.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [6.0 ЕКТС] **Микроекономија**
- [6.0 ЕКТС] **Агробизнис**
- [6.0 ЕКТС] **Вовед во бизнис**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 1**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет Англиски јазик 1**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 2

- [6.0 ЕКТС] **Микробиологија**
- [6.0 ЕКТС] **Физика**
- [6.0 ЕКТС] **Менаџмент во агробизнис**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 2**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет Англиски јазик 2**
- [3.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 3

- [6.0 ЕКТС] **Микробиологија на храна**
- [6.0 ЕКТС] **Математика и статистика**
- [6.0 ЕКТС] **Практична работа**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 3**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет Англиски јазик за специфични цели**

### Семестар 4

- [6.0 ЕКТС] **Планирање во агробизнисот**
- [6.0 ЕКТС] **Механизација и технолошки процеси**
- [6.0 ЕКТС] **Практична работа**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 4/1**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 4/2**

### Семестар 5

- [6.0 ЕКТС] **Животинско производство**
- [6.0 ЕКТС] **Стратегиски менаџмент во агробизнисот**
- [6.0 ЕКТС] **Практична работа**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 5/1**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 5/2**

### Семестар 6

- [6.0 ЕКТС] **Менаџмент на вкупен квалитет**
- [6.0 ЕКТС] **Квалитет на храна и стандарди за безбедност на храна**
- [6.0 ЕКТС] **Практична настава**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 6/1**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 6/2**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Микроекономија**
  Овој предмет претставува вовед во принципите на микроекономијата, од теоретски аспект, но и од аспект на нивната примена во организациите и во индустриските гранки. Целта е да се увиди како пазарот прави алокација на ресурсите меѓу различните конкуренти. Исто така, се настојува да се увидат јаките и слабите страни на пазарниот систем и причините за владина интервенција во една капиталистичка пазарна економија. Овој предмет има за цел и осознавање на производните, потрошувачките и на ценовните одлуки на организациите во рамките на различните пазарни структури, вклучувајќи совршена конкуренција, монопол, монополска конкуренција и олигопол.

- **Агробизнис**
  Предметот Агробизнис е дизајниран со цел студентите да се запознаат со: агробизнисот, начинот на водење на агробизнисот, процедурите и регулативите за агробизнис, менаџирањето на агробизнисот, можностите на агробизнисот итн.

- **Вовед во бизнис**
  Предметот Вовед во бизнис е дизајниран со цел студентите да се запознаат со надворешното и внатрешното окружување на претпријатието. Меѓутоа, вниманието ќе биде посветено на финансиската, на маркетинг-функцијата и на организационата функција на претпријатието. Покрај ова, ќе се согледа и влијанието на претпријатието врз заедницата во која дејствува. Преку овој предмет студентите стекнуваат знаења за клучните концепти, модели, дебати и проблеми во проучувањето на бизнисот и менаџментот. Студентите ќе учат за работата на трговските друштва, за нивното функционирање и за соработка со средината. Во рамките на овој предмет исто така се дава објаснување за тоа како се менаџираат овие бизнис-организации, вклучувајќи ги и стратегиите кои се користени за нивно водење и одлуките инволвирани во улогата на менаџерот.

- **Микробиологија**
  Во рамките на овој предмет се изучуваат бактериите и вирусите, систематиката на микроорганизмите и таксономијата, барањата за раст и хранливост, микробиолошка екологија, варијабилноста и генетиката, физиологијата, метаболизмот, аплицираната бактериологија и патогенетика, како и имунитетот.

- **Физика**
  Преку овој предмет студентите се запознаваат со мултипликативноста на физичките закони кои се однесуваат на земјоделството и со тоа како да се зголемат нивиот ефект и придобивките од нив. Темите вклучуваат: механика, линеарна и циркуларна кинематика, динамика, статика, топлина, електрични промени, машини, релативна влажност, однесување на водата, формирање облаци, магла, снег и дожд, термална радијација, радиокативност и неговата примена во земјоделството и сл.

- **Менаџмент во агробизнис**
  Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со „јазикот на менаџментот“ (термини и теории) и со улогата на менаџерите во организацијата. Студентите ќе ги применуваат стекнатите знаења во различните студии на случај кои се однесуваат на соодветни аспекти. Овој предмет ги опфаќа: главните школи и теории за менаџментот, разбирањето на менаџментот, менаџментот како процес и главните функции на менаџментот како планирање, организирање, лидерство, мотивација, менаџмент на човечки ресурси и контрола.

- **Микробиологија на храна**
  Преку овој предмет студентите ќе стекнат знаења за: врските помеѓу микроорганизмите, квалитетот на храната, зачувувањето свежа храна и биопроцесирањето. Овој предмет се надоврзува на предметот Микробиологија од првиот семестар.

- **Математика и статистика**
  Преку овој предмет студентите ќе ги разберат и ќе ги применат елементите на дескриптивната статистика,притоа имајќи ги предвид и следниве прашања: теорија на веројатност проследено со веројатноста и распределбата на примероците, пресметка на дистрибутивните параметри, пресметка и контрола на статистичките хипотези,тестирање на хипотезите,анализа на варијанса,линерана анализа и анализа на временски серии,едноставна линеарна регресија и корелација.

- **Практична работа**

- **Планирање во агробизнисот**
  Преку овој предмет студентите се запознаваат со концептот на деловно планирање, со карактеристиките на деловните планови. Притоа се прави идентификација и евалуација на можностите за развој на бизнис. Студентите ќе имаат можност да анализираат повеќе студии на случај и со тоа да стекнат практични искуства од оваа област.

- **Механизација и технолошки процеси**
  Преку овој предмет студентите стекнуваат знаења за структурата и за функцијата на најчесто употребуваните механички инсталации кои се однесуваат на земјоделскиот сектор. Исто така се изучуваат и електричните инсталации. Овој предмет има голема практична апликација и им овозможува на студентите да научат како да одржуваат ваква механизација, да ја обезбедуваат механизацијата, а и да обезбедат дозвола за управување со ваквите машини и со ваквата механизација.

- **Практична работа**

- **Животинско производство**
  Во рамките на овој предмет се обработуваат болестите кои се појавуваат кај животните, првата помош, спецификите на околината за растење и одгледување домашни животни, биологија, екологија и економската важност на животните. Исто така ќе се обработуваат и одредени болести, мутации, фитопатогени микроорганизми, хигиена, санитарни услови, вакцинација и посмртните процедури.

- **Стратегиски менаџмент во агробизнисот**

Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со различните стратегии како причина поради која организациите ги надминуваат своите конкуренти и се здобиваат со соодветна конкурентска предност. Овој предмет не се однесува исклучиво на стратегиското планирање, туку и на стратегиската анализа. Студентите ќе го совладаат процесот на стратегиски менаџмент, обработувајќи ги следниве прашања: формулирање на филозофијата и мисијата, вреднување на надворешната и внатрешната средина на организацијата и анализа на конкурентската позиција на претпријатието кое функционира во земјоделскиот сектор, методи за анализа на овој сектор и конкурентите во неговите рамки, развој на план и примена на стратегијата.

- **Практична работа**

- **Менаџмент на вкупен квалитет**
Целта на наставата по предметот е да се оспособат студентите да ги сфатат суштината на менаџметот на вкупен квалитет, неговото значење и позитивните страни на неговото користење. Во рамките на овој предмет ќе се изучува што претставува квалитетот, и кај производите и кај услугите, како и последиците од лошиот квалитет и придобивките од добриот квалитет. Понатаму, ќе се изучуваат правците и теориите во менаџментот на вкупен квалитет почнувајќи од класичните, западните и јапонските автори. Предмет на изучување ќе бидат и елементите на менаџментот на вкупен квалитет. Се анализираат најважните техники поврзани со менаџментот на вкупен квалитет. На крајот се изучуваат начинот на имплементација на менаџментот на вкупен квалитет и потребните критериуми за најпознатите награди за квалитет во светот.

- **Квалитет на храна и стандарди за безбедност на храна**
Системите за обезбедување квалитет овозможуваат апликација и верификација на контролните мерки кои се насочени кон обезбедување сигурност, безбедност и квалитет на храна. Тие се неопходни во секоја алка од ланецот на производството на храна.

- **Практична настава**

## Изборни предмети

- **Хемија**
Овој предмет се однесува на основните познавања од областа на хемијата за земјоделски цели и е поделен на општ, органски и неоргански дел. Ги опфаќа темите за: хемиските промени на земјата, структурата на атомот, Авогардовата хипотеза и нејзината примена, молекуларната тежина, еквивалентната тежина, електролизата, киселини, алкални супстанции, оксидација, редукција и сл.

- **Ботаника**
Во рамките на овој предмет се изучуваат растенијата, вклучувајќи ја нивната структура, развој, генетика, екологија и еволуција. Лабораториските модули се однесуваат на работа на терен и на правење експерименти. Студентите ќе се обучат за користење микроскоп и за подготовка на разни анализи за бактерии, вируси, габи и сл.

- **Маркетинг за агробизнис**
Целта на наставата по овој предмет е студентите да стекнат знаења од областа на управувањето со маркетинг-активностите, со маркетинг-околината и нејзината динамичност, како и од областа на: стимулирачкото влијание врз работата на претпријатијата што дејствуваат во земјоделскиот сектор, маркетинг-одлуките кои менаџерите ги прават во врска со стратегиите кои ги применуваат и со последиците од тие стратегии, маркетинг-планирањето, маркетинг-тактиките и маркетинг-контролата. Поаѓајќи од фактот дека во центарот на вниманието на секое претпријатие треба да се потрошувачот и неговите потреби и желби, потребно е да се донесат правилни маркетинг-одлуки како на ниво на претпријатието во целина, така и на пониските нивоа на организација.

- **Деловни договори**
Во рамките на предметот се изучува примената на деловното право во правец на задоволување на сопствените потреби и на развојот на кариерата. Некои од темите кои треба да се обработат се: историја на правото, договорите, односите меѓу работодавачот и работникот, заштитата на потрошувачите, инструментите

на преговарање и други правни инструменти. Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со основите на денешниот правен систем и со неговите влијанија врз поединците. Исто така тие ќе стекнат знаења и ќе ги применат своите знаења при различни активности во правец на развивање на способности за критичко размислување. Темите вклучуваат: право, етика, судски систем, договори, долгови, побарувања и банкротирање

- **Хемија на храна**
  Овој предмет се однесува на природата и на хемиското однесување на состојките на храната, вклучувајќи ги протеините, липидите, карбохидратите, минералите, водата, ензимите, пигментите и дополнителните елементи што се ставаат во храната за давање вкус. Во овој предмет посебен акцент се става врз хемиските и врз физичките промени кои се случуваат при производството на храна.

- **Позитивни земјоделски практики**
  Зголемувањето на болестите поврзани со земјоделските производи ја создава потребата од еден ваков предмет. Загадувањето може да се случи секаде во процесот на производство на земјоделски производи, вклучувајќи ги и местата каде што тие се продаваат. Овој предмет е фокусиран на добрите земјоделски практики кои се имплементираат во фармите и на обработливите површини, како и во просториите за пакување, за да се намалат ризиците од микробиолошки штети.

- **Позитивни производствени практики**
  Добрите производствени практики се користат во производството и во тестирањето на прехранбените производи, поради тоа што нив ги користат луѓето. Постои одредена регулатива која треба да се запазува при изработката на овие производи. Овој предмет ги истражува регулативните мерки, како и нивната имплементација во лабораториските студии и во производствените процеси.

- **Животна средина и екологија**
  Во рамките на овој предмет се разгледува врската помеѓу животната средина и економијата, фокусирајќи се на тоа како во економијата може да се идентификуваат клучните аспекти на проблемите со животната средина. Економските концепти се користат за да се најде решение за загадувањето, менаџментот на општествените ресурси и за можноста за одржлив развој.

- **Деловна етика и општествена одговорност**
  Во рамките на овој предмет се обработуваат етичките норми и принципи на компаниите и нивната улога во општеството. Се разгледуваат деловните активности и практики од аспект на моралните норми, сѐ со цел да се остваруваат подобри и поисправни деловни резултати. Целта на предметот е да се разгледаат улогата и функцијата на етиката во бизнисот, методите за етичка анализа во компаниите итн.

- **Сметководство во агробизнисот**
  Во рамките на овој предмет се опфатени следниве теми: меѓународни сметководствени стандарди, капитал, постојани средства и резерви, финансиски средства, обврзници, хартии од вредност, побарувања од купувачи, активни временски разграничувања, обврски кон добавувачи, краткорочни и долгорочни резерви, пасивни временски разграничувања, резеви на материјали, производи, трговска стока, материјални и нематеријални трошоци, трошоци за плати и амортизација, утврдување на обврската за ддв и за данок од добивка, утврдување на финансискиот резултат, пресметување на трошоците на производите и услугите, видови трошоци, пресметување и евидентирање на директните и индиректните трошоци, утврдување трошоци на нарачана работа (JOC), утврдување трошоци на процесот (PC), распределба на индиректните трошоци врз база на методот АБЦ (ABC), критичка точка на рентабилност (CVPA), мастер-буџет, флексибилен буџет, капитално буџетирање, контрола на трошоците, центри на трошоци, центри на профит,центри на инвестирање,донесување деловни одлуки врз база на релевантни информации и сл.

- **Индустриски капацитети и производство и процесирање жетва**
  Важноста на жетвите во минатото, сегашноста и во идниот развој на земјоделството во светот ќе биде разгледувана од аспект на производителот и на купувачот. Во текот на предавањата ќе бидат презентирани следниве прашања: квалитетот на околината, светската популација и гладот, безбедноста на храната, производството и сл., фундаменталните принципи на класификацијата на растенијата и семињата, структура на растенијата, растот на жетвата.

- **Производство и процесирање на производство на млеко**
  Овој предмет се однесува на менаџментот на фарми, маркетингот на ваков тип производи и производни трендови и на побарувањата од купувачите. Во рамките на предметот ќе бидат обработени: физиолошките процеси во равојот, растот и во дигестијата, репродукцијата, лактацијата, како и генетските и физиолошките адаптации на околината. Ќе се прават анализи и подготовка на датотеки, а студентите ќе стекнат знаења и за организацијата и развојот на месни производи и за нивната заштита и сл.

- **Производство и процесирање овошје и зеленчук**
  Овој предмет се однесува на ситните овошја како јагоди, боровници, малини и други и на производство, технологија, маркетинг, складирање и процесирање на овие овошја. Во практичниот дел на предметот, студентите ќе планираат, ќе садат, ќе третираат и ќе развиваат насади со вакви производи. На ваков начин студентите ќе бидат способни да ги задоволат квалитетот и барањата за извоз на вакви производи.

- **Економски анализи во агробизнисот**
  Предметот е фокусиран на анализа на економските состојби во агробизнисот, потенцијалот на инвестирање и развивање на агробизнисот, како и на улогата на овој сектор во националната економија на земјата. Темите се однесуваат на: анализата на финансиските и инвестиционите активности, профитабилноста, растот, економската вредност и вреднувањето на операциите и задолжувањето.

- **Системи за безбедност на храна**
  Главната цел на овој предмет е студентите да стекнат основни познавања за улогата на ветеринарната медицина во производство на здрава храна во однос на продуктите од месо, млеко, јајца и сл, како и за одредени системи за безбедност на храна произведена од растенија. Ќе бидат обработувани и принципите и концептите на програмата HACCP, превентивните мерки кои можат да се преземат за обезбедување квалитет и заштита на прехранбени продукти и сл.

- **Оперативен менаџмент на синџирот на набавка**
  Предметот се однесува на создавање земјоделски производи и услуги и нивно доставување до потрошувачите. Земајќи в предвид дека ова всушност е целата дејност на организациите, може да се заклучи дека оперативниот менаџмент има огромна важност во работењето на организацијата. Затоа секој студент треба да има познавања за улогата, целите и за активностите на оперативниот менаџмент. Преку маркетингот може да се дојде до потрошувачите и да ги информира за производот. Сепак, оперативниот менаџмент е тој што ќе сноси одговорност за задоволувањето или за разочарувањето на потрошувачите од кои впрочем зависи целата организација.

- **Производствен менаџмент**
  Предметот се однесува на производство и преработка на земјоделски производи и услуги. Темите кои се обработуваат се однесуваат на формирање на производ, адекватна цена на производот, креирање на производен процес за производство на специфичниот производ и потребна технологија за негово производство.

- **Менаџмент на ризик во агробизнисот**
  Во рамките на овој предмет се опфатени разработките на главните основни поими и функции на капиталот, пазарните посредници, инструментите, принципите на организација и работење,нивната улога во економијата воопшто и во финансискиот систем на националните економии посебно. Овие пазари и финансиски инструменти се од понов датум. Функционираат во развиените економии на западот. Нивната појава и нивниот развој ги поттикнува развојот на реалниот сектор, оптималното користење и алокација на скудните ресурси, а влијаат врз макроекономските величини и вредности.